РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1445/2
26-07-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 8-мата седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-1445/1 од 19.04.2024 година, во која е изразено сомневање за сторени кривични дела од страна на извршител именуван за подрачјето на Основните судови во ///, /// и ///, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што оцени дека други органи се надлежни да постапуваат.

Предметот со број 12-1445/1 од 19.04.2024 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, на ден 19.04.2024 година, поднесена е пријава во која е изразено сомневање за сторени кривични дела од страна на извршител именуван за подрачјето на Основните судови во ///, /// и ///, и оформен е предмет број 12-1445/1 од 19.04.2024 година.
Во пријавата подносителот, без да изнесе наводи за коруптивни дејствија, изразува сомневање дека извршителот ///, именувана за подрачјето на Основните судови во ///, /// и ///, го сторила кривичното дело Злоупотреба на службената положба и кривичното дело Попречување на правдата, бидејќи не презела дејствија во насока на запирање на постапката /// и на постапката /// поведени по предлог на доверителот /// од /// заради наплата на парични побарувања по извршни исправи /// од /// година на Основниот суд /// и /// од /// година на Основниот суд ///, иако од поднесувањето на барањето биле

поминати повеќе од 10 години и била настапена застареност на побарувањето во смисла на членот 368 од Законот за облигационите односи, за што подносителот на пријавата повеќе пати укажал.
Подносителот на пријавата смета дека му е нанесена штета со непреземањето на дејствија во насока на запирање на посочените постапки од страна на извршителот.

При разгледувањето на предметните наводи, ДКСК ги зеде предвид одредбите од членот 93 од Законот за извршување („Сл.весник на РСМ“ бр. 72/2016, 142/2016, 178/2017, 26/2018, 233/2018, 14/2020, 136/2020, 154/2023), со кои се регулирани околностите на Запирање на извршувањето, како и одредбите од членот 86 од Законот за извршување каде се регулирани аспектите на поднесувањето на Приговор за незаконитости при извршувањето и каде е определено дека странката, учесникот или трето лице коешто смета дека извршителот при извршувањето постапувал незаконито, или пак пропуштил да преземе определено законско дејствие, може да поднесе приговор до основниот суд на чие подрачје извршувањето, или пак дел од него, се спроведува. Судот со решението со кое го усвојува приговорот, ги утврдува сторените незаконитости и ги става вон сила преземените извршни дејствија, или пак го утврдува пропуштањето за преземање на определено законско дејствие. Судот со решението не може да го запре извршувањето, ниту да го задолжува извршителот да презема извршни дејствија.
Воедно, ДКСК ги зеде предвид и одредбите на членот 78 од Законот за извршување, каде се содржани надлежностите на Управниот одбор на Комората на извршители во однос на вршењето надзор над работата на извршителите.
Дополнително, ДКСК го зеде предвид и Заклучокот од Работната средба на граѓанските оддели на Апелациониот суд Скопје, Апелациониот суд Битола, Апелациониот суд Штип и Апелациониот суд Гостивар одржана на ден 02.10.2023 година заради разгледување и усогласување на ставовите во врска со Законот за измени и дополнение на Законот за облигациони односи („Сл.весник на РСМ“ бр.154/23 од 20.07.2023 година) и Законот за измени и дополнение на Законот за извршување („Сл.весник на РСМ“ бр.154/23 од 20.07.2023 година): согласно Законот за извршување, извршителот и судот немаат законска можност да запрат извршување надвор од одредбите на Законот за извршување. Во постапките за извршување кои се започнати пред донесување на Законот за измени и дополнение на Законот за облигациони односи („Сл.весник на РСМ“ бр.154/23 од 20.07.2023 година), судот кога одлучува по приговор за

незаконитости при извршувањето, а кога е поднесен приговор за застареност, ќе ја цени законитоста на преземеното дејствие од страна на извршителот.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК констатира дека во случајот станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на судовите, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Ц.Р., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата